Одредбите од овој правилник се однесуваат на персоналот запослен во трговските претпријатија на мало и во трговските претпријатија на големо, без обзир на предметот на работењето (трговската струка) на претпријатието.

Член 2

За вршење определени работи персоналот во трговијата мора да има соодветна нижа, средна односно виша стручна спрема.

Под нижа односно средна и виша стручна спрема се подразбира, по правило, соодветна школска спрема (непотполна односно потполна средна школа, по правило, стручна, и факултет, економски или правни, со положен стручно-практичен испит.

Нижа односно средна или виша стручна спрема им се признава и на лицата запослени во трговијата што немаат соодветна школска спрема, ако располагаат со потребна комерцијална пракса и ако го положат пропишаниот стручно-практичен испит.

Член 3

Потребата на стручна спрема се определува според видот на работите во трговијата.

Работите во трговијата се делат на три вида.

Во првиот вид спаѓаат: работи на раководење со претпријатие (директор на претпријатие) и работи на раководење со комерцијална служба (шеф на комерцијално-стоковно одделение, шеф на одделението на набавката и продажбата).

Во вториот вид спаѓаат: работи на раководење со трговско претставништво, со стоварините на трговско претпријатие на големо, со откупна станица, со магацинска служба во трговско претпријатие на големо односно со продавница на стоковна куќа; работи на трговски претставник, трговски патник, трговски кореспондент, референт — диспонент на набавка и продажба, и други комерцијални работи во претпријатието (помошни референти, диспоненти на набавката и продажбата, фактуристи, калкуланти, евидентичари, статистичари итн.);

работи на посредување во трговски агенции;

работи на раководење со сметководство односно со книговодство (шеф на сметководство односно на книговодство).

Во третиот вид спаѓаат: работи на раководење со продавница (работоводител на продавница), со одделение на стоковна куќа (работоводител на одделение на стоковна куќа), со магацин на трговско претпријатие на мало (магационер) и со работи на непосредна продажба (продавачи).

Член 4

За вршење работите што спаѓаат во првиот вид потребна е, по правило, виша стручна спрема и комерцијална пракса од три години.

Член 5

За вршење работите што спаѓаат во вториот вид потребно е, по правило, средна стручна спрема и следна комерцијална пракса:

а) за работите на раководење со трговско претставништво, со стовариште на трговско претпријатие на големо односно со откупна станица, за работите на трговски претставник, трговски патник, трговски кореспондент и референт — диспонент на набавка и продажба и за работите на посредување во трговска агенција — 5 години комерцијална пракса, од кои 3 години во струката на претпријатието или во сродна струка;

б) за работите на раководење со магацинска служба на трговско претпријатие на големо и со продавница на стоковна куќа — 4 години комерцијална пракса, од кои 2 години во магацинот на струката на претпријатието или сродна струка односно во стоковна куќа;

в) за работите на раководење со сметководство (книговодство) — 4 години пракса во својство на самостоен книговодител.

На лицата кои располагаат со средна стручна спрема за вршење други комерцијални работи (помошни референти на набавка и продажба, калкуланти, фактуристи итн.) не е потребна претходна комерцијална пракса.

Член 6

За вршење работите што спаѓаат во третиот вид потребна е, по правило, нижа стручна спрема и, за работоводител на продавница, работоводител на одделение на стоковна куќа и магационер, — 7 години комерцијална пракса, од кои 4 години на работите во продавница или во магацин на струката на претпријатието или на сродна струка, а за продавачите ученички стаж.

Член 7

Работи за кои е потребна виша стручна спрема (чл. 4) можат да вршат и лица со средна школска спрема, ако имаат 6 години комерцијална пракса и ако го положат пропишаниот стручно-практичен испит за односните работи.

Работи за кои е потребна виша стручна спрема можат да вршат и лица кои располагаат само со нижа стручна спрема, ако имаат најмалку 10 години комерцијална пракса и ако го положат пропишаниот стручно-практичен испит за односните работи.

За вршење работи на раководење со комерцијална служба потребно е лицето со средна односно нижа стручна спрема од вкупното време на комерцијална пракса определено во претходните ставови да поминало најмалку 4 односно 7 години на работите во струката на претпријатието или во сродна струка.

Член 8

Работи за кои е потребна средна стручна спрема (чл. 5) можат да вршат и лица што имаат само нижа школска спрема, ако го положат пропишаниот стручно-практичен испит за односните работи и ако имаат следна комерцијална пракса:

а) за работите од чл. 5 под а) — 9 години комерцијална пракса, од кои 6 години во струката на претпријатието или во сродна струка;

б) за работите од чл. 5 под б) — 8 години комерцијална пракса, од кои 6 години во магацинот на струката на претпријатието или на сродна струка односно во стоковна куќа;

в) за другите комерцијални работи (помошни референти на набавка и продажба, фактуристи, калкуланти итн.) — 4 години комерцијална пракса.

Член 9

Работите на магационер и на работоводител на продавница во села и помали места можат да ги вршат по исклучение, и лица што имаат само основна школа — ако имаат најмалку 5 години комерцијална пракса, од кои 2 години на работите во продавница или во магацин на претпријатие или на сродна струка, и ако го положат пропишаниот стручно-практичен испит за односните работи.

Член 10

За лицето кое се истакнува особено со резултатите на својата работа времето на потребната комерцијална пракса, пропишано во чл. 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој правилник, може да се скрати, ако одделната комисија при органот за промет со стоки на околискиот односно градскиот народен одбор оцени дека односното лице е способно за вршење определени работи.

Под условите од горниов став комерцијалната пракса може да се скрати најповеќе до една третина од пропишаното време.

Комисијата од првиов став ја определува околискиот (градскиот) народен одбор. Комисијата се состои од 3—5 члена. На чело на комисијата е член на околискиот (градскиот) народен одбор.

Член 11

Работи на продавач во продавници во села и помали места можат да вршат по исклучение, и лица што имаат само основна школа и ученички стаж.

Член 12

Работи на продавач можат, по исклучение, да вршат и лица што немаат ученички стаж, — ако имаат барем непотполна средна школа, 1 година комерцијална пракса, најмалку 18 години живот и ако го положат пред тоа стручно-практичниот испит за продавач.

Член 13

За административните и сметководствените работи во трговијата што не се наведени во чл. 3 од овој правилник потребна е стручна спрема за односните работи по важечките прописи.

Член 14

Под комерцијална пракса во смисла на овој правилник се подразбира сето време поминато на работите наведени во чл. 3 на овој правилник.

Во времето на комерцијална пракса се засметува како времето поминато на работите во трговски претпријатија и во дирекции на трговски претпријатија, така и времето поминато на комерцијални работи во производни претпријатија.

Во времето на комерцијална пракса се засметува и времето поминато на други поважни сметководствени и административни работи во трговски претпријатија (работи на книжење, планирање, организација и раководење со администрација, на правно застапување). Во времето на комерцијалната пракса се засметува и времето поминато на работите на организација и контрола на трговијата во управните органи за промет со стоки, како и времето поминато на работа во трговска комора и во синдикалните организации на работниците и намесениците на трговските претпријатија.

Комерцијалната пракса пропишана со овој правилник може да ја замени работа во стопанството на работите на занаети кои даваат потребна стручност за вршење работи во поодделни трговски струки (јажарски, седларско-ременарски, месарски занаети и слично).

Член 15

Во времето на комерцијална пракса се засметува времето на приправничката служба, приправничкиот стаж, како и времето на учење во трговијата (ученички стаж).

Приправничката служба задолжителна е за сите лица што имаат пропишана школска спрема, а влегуваат прв пат во служба на трговско претпријатие (чл. 1 од правилников) или имаат помалку од 3 години пракса во смисла на чл. 14 од овој правилник.

Одредбата од горниов став не се однесува до учениците во трговијата и до физичките работници.

Приправничката служба трае 3 години.

Приправничката служба се врши на начинот што му овозможува на приправникот здобивање потребна стручност и запознавање со сите комерцијални работи.

Член 16

Пропишаната вкупна комерцијална пракса и пропишаната пракса во струката на претпријатието односно во сродна струка — се намалува за две години во следните трговски струки:

— трговија со огревно дрво и јаглен
— трговија со тутунски преработки, кибрит и книги за цигари
— трговија со зарзават и овоштие
— трговија со цвеќе
— трговија со млеко и млечни производи
— трговија со риби.

Одредбите од горниов став не се однесува до продавачкиот персонал.

За колпортери-продавачи на весници и повремени списи достаточна е завршена основна школа.

Член 17

Испитната програма, начинот и поблиските услови за полагање на стручно-практичните испити ќе се пропишат одделно.

Стручно-практичните испити се полагаат постапно, според напредувањето и оспособувањето на персоналот за вршење работите наведени во чл. 3 на овој правилник.

Член 18

Персоналот што е должен да го полага стручно-практичниот испит нема да го полага стручниот испит пропишан со Основната уредба за економско комерцијална струка и со Правилникот за приправничката служба, стручните испити и курсеви во економско-комерцијалната струка („Службен лист на ФНРЈ", број 84/48).

На персоналот што го положи стручниот испит по прописите од Основната уредба за економско-комерцијалната струка и Правилникот за приправничката служба, стручните испити и курсеви во економско-комерцијалната струка, ќе му се признаат при полагањето на стручно-практичниот испит поодделни положени предмети во целост или делум на начинот што ќе се пропише одделно.

Член 19

Персоналот затечен во претпријатието на денот на влегувањето во сила на овој правилник, кој има определена стручна спрема и определена комерцијална пракса должен е да го положи стручно-практичниот испит предвиден за работите што ги врши и тоа најдоцна до 31 декември 1953 година.

Од полагање на стручно-практичниот испит се ослободува персоналот кој има преку 15 години комерцијална пракса.

За затечениот персонал што ја нема пропишаната школска спрема или комерцијална пракса за работите што ги врши важат одредбите од чл. 22—27 од овој правилник.

Член 20

Под нижа стручна школа во смисла на овој правилник се подразбират и школите на учениците во трговијата, школите на учениците во стопанството и двогодишните нижи трговски курсеви.

Член 21

Трговските претпријатија должни се на својот персонал да му овозможат стручно оспособување со правилно распоредување на работите, со одржување семинари и курсеви, како и со обезбедување (набавка) на стручна литература.

Член 22

Персоналот затечен во трговските претпријатија на денот на влегувањето во сила на овој правилник кој има пропишана школска спрема, но нема потребна комерцијална пракса односно пракса во струката на претпријатието или во сродна струка, а нема да ја има ни на 31 декември 1953 година должен е до тој срок да положи посебен дополнителен испит.

На персоналот од горниов став, доколку има школска спрема поголема од пропишаната, му се признава поголемата школска спрема како време на комерцијална пракса во сразмера 1 година школа за 1 година пракса.

Член 23

Персоналот затечен во трговските претпријатија на денот на влегувањето во сила на овој правилник, кој има потребна комерцијална пракса односно пракса во струката на претпријатието или во друга струка, но нема пропишана школска спрема, а нема да ја здобие ни до 31 декември 1953 година, должен е до тој срок да положи посебен дополнителен испит.

На персоналот од горниов став, кој има комерцијална пракса подолга од пропишаната, му се признава 1 година прекувремена пракса како 1 година школска спрема.

Член 24

Персоналот наведен во чл. 22 и 23 од овој правилник, кој во определениот срок не го положи пропишаниот дополнителен испит, може после 1 јануари 1954 година да остане на работа во трговското претпријатие само на оние работи за кои ќе ги исполнува условите пропишани со овој правилник.

Член 25

Персоналот затечен во трговските претпријатија на денот на влегувањето во сила на овој правилник, кој ја нема ни пропишаната школска спрема ниту пропишаната комерцијална пракса, а нема да ги здобие ни до 31 декември 1953 година, може после тој срок да остане на работите што ги врши само ако до 31 декември 1953 година положи посебен дополнителен испит и ако му го одобри тоа:

а) претседателот на советот за промет со стоки на владата на народната република ако се работи за лице што ги врши рботите наведени во чл. 4 и чл. 5 под а), б) и в) на овој правилник;

б) органот за промет со стоки на околискиот (градскиот) народен одбор на чија територија се наоѓа трговското претпријатие, — ако се работи за друг персонал.

Ако лицето на кое се однесува одредбата од горниов став не го положи дополнителниот испит во определениот срок или ако надлежниот орган не му даде одобрение, такво лице ќе остане на работа во трговското претпријатие после 1 јануари 1954 година само на работите за кои ќе ги исполнува условите пропишани со овој правилник.

Член 26

Персоналот на кој се однесува одредбата од чл. 22 до 25 од овој правилник должен е, после положениот дополнителен испит, да го положи стручно-практичниот испит.

Програмата, начинот и поблиските услови за полагање на посебниот дополнителен испит од чл. 22, 23 и 25 од овој правилник ќе се пропишат одделно.

Член 27

Продавачкиот персонал затечен на денот на влегувањето во сила на овој правилник, кој нема нижа стручна школа и ученички стаж, може и натаму да ги врши работите на продавач ако има најмалку 4 години пракса во продавница или во магацин, од кои 2 години во струката на претпријатието или во сродна струка и ако до 31 декември 1953 година го положи стручно-практичниот испит пропишан за продавачкиот персонал.

Член 28

Одредбите на чл. 22—27 од овој правилник не се однесуваат до персоналот на трговските претпријатија што ќе се оснеаат после влегувањето во сила на овој правилник. Персоналот на тие претпријатија мора што се однесува до стручната спрема во сето да ги исполнува условите пропишани со овој правилник.

Одредбата на горниов став се однесува и до распоредувањето односно назначувањето на персоналот во постоеќите трговски претпријатија, што ќе се вршат после влегувањето во сила на овој правилник.

Одредбите на чл. 22—26 од овој правилник не се однесуваат до персоналот наведен во чл. 13 од овој правилник.

Член 29

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 3893
24 март 1952 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
Осман Карабеговиќ, с. р.

**173.**

Врз основа на чл. 37 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52), во согласност со Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, пропишувам

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЗВАЊАТА И ПЛАТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ОД ГЕОДЕТСКАТА СТРУКА ВО ГЕОДЕТСКАТА СЛУЖБА

### I. Звања

Член 1

За службениците од геодетската струка што се запослени во геодетската служба постојат следни звања:

1) геодетски цртач,
2) картографски цртач,
3) геодетски помошник,
4) катастарски референт,
5) геометар,
6) геодетски инженер.

Со звањето геометар и геодетски инженер може да се додава ознака на поуската специјалност: картограф, фотограметрист и гравиметрист.

Член 2

За звањето геодетски цртач, картографски цртач и геодетски помошник потребна е непотполна средна школа со положен поламатурски испит и едногодишен курс за тие звања со положен завршен испит на курсот.

За звањето катастарски референт потребна е непотполна односно потполна средна школа и едногодишен курс за тоа звање со положен завршен испит на курсот, — или непотполна односно потполна средна школа и положен стручен испит за звањето катастарски референт.

За звањето геометар потребна е потполна геодетска средна техничка школа (геодетски отсек на средна техничка школа) или двогодишен геодетски отсек, односно двогодишен геодетски курс со завршен испит на курсот, на техничкиот факултет, и положен стручен испит за звањето геометар.

За звањето геодетски инженер потребен е геодетски отсек на техничката голема школа и положен стручен испит за звањето геодетски инженер.

### II. Распоред на звањата во платни разреди

Член 3

Звањата на службениците од геодетската струка се распоредуваат во следни платни разреди:

1) звањето геодетски цртач од XIX до заклучно XIV платен разред;

2) звањето картографски цртач од XIX до заклучно XIII платен разред;

3) звањето геодетски помошник од XIX до заклучно XIII платен разред;

4) звањето катастарски референт, вклучувајќи ги и приправниците за ова звање, од XIX до заклучно XIII, односно (средна стручна спрема) од XVI до заклучно IX платен разред;

5) звањето геометар вклучувајќи ги и приправниците за ова звање, од XVI до заклучно VIII платен разред;

6) звањето геодетски инженер, вклучувајќи ги и приправниците за ова звање, од XIV до заклучно VI платен разред.

### III. Приправнички стаж

Член 4

Лицата што влегуваат првпат во геодетската служба и имаат школски квалификации за звањето катастарски референт, геометар и геодетски инженер, се примаат во служба како приправници и се распоредуваат во почетните платни разреди на своето звање.

Приправничкиот стаж за звањата наведени во претходниот став трае три години. Приправникот може да полага стручен испит откога ќе наполни две години стаж.

Член 5

По положениот стручен испит и завршениот приправнички стаж, приправникот за звањето катастарски референт што има непотполна средна школа се распоредува во звањето катастарски референт, во XVIII платен разред, а приправникот за истото звање што има потполна средна школа — во XV платен разред.

По положениот стручен испит приправникот за звањето геометар се распоредува во звањето геометар, во XV платен разред, а приправникот во звањето геодетски инженер се распоредува во звањето геодетски инженер во XIII платен разред.

## IV. Напредување

Член 6

Службеникот напредува во виши платен разред редовно после секои три години ефективна служба проведени во исто исто звање осем случаите предвидени со овој правилник.

Ако наоѓа старешината дека не се заложува службеникот на работа и затоа не заслужува да биде унапреден во виши платен разред ќе побара персоналната комисија од чл. 43 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи да поведе постапка поради давање оцена за работата на службеникот.

Ако комисијата даде неповолна оцена, службеникот останува во истиот платен разред најмалку уште една година.

Член 7

Службеникот кој се истакнува со стручна способност и со резултати на својата работа може да биде унапреден во еден платен разред погоре од наредниот платен разред во истото звање по истекот од три години ефективна служба проведена во досегашниот платен разред.

Одредбата од претходниот став не се однесува до приправниците.

Член 8

Службеникот во звањето катастарски референт што има потполна средна школа и службеникот во звањето геометар можат да бидат унапредени во XI платен разред ако во XII и XIII платен разред проведе три години ефективна служба и ако положат посебен стручен испит за тоа унапредување.

Полагање на стручен испит по одредбата од претходниот став нема да се бара од службеникот во звањето геометар што завршил двогодишен геодетски отсек односно двогодишен геодетски курс со завршен испит на курсот, на технички факултет.

Службеникот што ќе биде унапреден по одредбата од ст. 1 од овој член може натаму да напредува до заклучно IX платен разред, а службеникот што ги исполнува условите од претходниот став — до заклучно VIII платен разред.

Член 9

Службеникот во звањето геодетски инженер што има три години ефективна служба во X или во IX платен разред, може да биде унапреден во истото звање во IX платен разред само ако покажал голема способност за вршење покомпликувани работи од своето звање.

Член 10

Исклучително од одредбите на чл. 8 и 9 од овој правилник, службеникот може да биде и порано унапреден во XI односно во IX платен разред, ако има најмалку осум години служба и ако се истакнува со особени стручни квалитети.

Член 11

Службеникот во звањето катастарски референт со непотполна средна школа и со положен поламатурски испит што има три години ефективна служба во XIII платен разред на своето звање и кој се истакнува во својата работа може да биде унапреден во XII платен разред под услов да го положи стручниот испит за тоа унапредување.

Член 12

Службеникот во звањето геометар што завршил геодетска средна техничка школа (геодетски отсек на средна техничка школа) може да биде унапреден во VIII платен разред ако во текот на својата служба во тоа звање, вклучувајќи го и приправничкиот стаж, провел десет години на теренски работи на државен премер или ако во текот на својата служба раководил со геодетски работи од поголем обем или ако ги извршувал работите што бараат поголемо односно специјално стручно знање.

Како една година проведена на теренски работи на државен премер се смета секоја година на служба во која службеникот на теренски работи на државен премер провел најмалку шест месеци.

Член 13

Решение за унапредување по одредбите од чл. 8, 9, 10 и 12 од овој правилник донесува старешината надлежен за назначување по претходна согласност од комисијата на владата. Комисијата на владата може да определи како услов за унапредување по одредбата од чл. 9 и 10 од овој правилник да се бара од службеникот да подготви определена стручна работа што ќе ја цени одделна комисија.

Член 14

Во поглед на унапредувањето на службениците од геодетската струка во звањето советник или виши советник важат одредбите на Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи.

Член 15

Службениците што ќе проведат три години служба во највиши платен разред на своето звање, а не ќе бидат унапредени во више звање, односно во виши платен разред по одредбите од овој правилник, добиваат периодски повишици.

Периодските повишици постојат и тоа:

1) за службениците во звањето геодетски цртач — во XIV платен разред;

2) за службениците во звањата катастарски цртач и геодетски помошник — во XIII платен разред;

3) за службениците во звањето катастарски референт (непотполна средна школа) — во XIII и XII платен разред;

4) за службениците во звањето катастарски референт (потполна средна школа) — во IX платен разред;

5) за службениците во звањето геометар во IX и VIII платен разред;

6) за службениците во звањето геодетски инженер — во VI платен разред.

За службениците наведени во претходниот став под 1) периодската повишица изнесува 300 динари, за службениците под 2) и 3) — 400 динари — за службениците под 4) и 5) — 500 динари, а за службениците под 6) — 700 динари месечно.

Периодските повишици се даваат по службена должност.

Решение за давање периодски повишици донесува старешината на организационата единица.

## V. Преведење на службениците од геодетската струка кои се затечени во геодетската служба

Член 16

Службениците затечени во звањата помошен геодетски цртач и геодетски цртач се преводат во звањето геодетски цртач и се распоредуваат од XIX до XIV платен разред.

**Службениците затечени во звањето виши геодетски цртач се преводат во звањето геодетски цртач и се распоредуваат од XVII до XIV платен разред.**

Службениците затечени во звањата помошен геодетски цртач (картограф) и геодетски цртач (картограф) се преводат во звањето на картографски цртач и се распоредуваат и тоа: помошен геодетски цртач (картограф) од XIX до XIV платен разред, а геодетски цртач (картограф) од XIX до XIII платен разред.

Службениците затечени во звањето виши геодетски цртач (картограф) се преводат во звањето картографски цртач и се распоредуваат од XVII до XIII платен разред.

Службениците затечени во звањето геодетски помошник се преводат во звањето геодетски помошник и се распоредуваат од XIX до XIII платен разред.

Службениците затечени во звањето помлад катастарски референт и катастарски референт што имаат непотполна средна школа со положен поламатурски испит се преводат во звањето катастарски референт и се распоредуваат од XIX до XIII платен разред.

Платниот разред се определува според годините на служба, сметајќи го за почетен платен разред времето од три години, за наредниот преку три години до шест години итн.

Член 17

Службениците затечени во звањето помлад катастарски референт и катастарски референт што имаат потполна средна школа и положен матурски испит се преводат во звањето катастарски референт и се распоредуваат во следниве платни разреди:

а) помлад катастарски референт од XVI до XIII платен разред, и

б) катастарски референт од XVI до X платен разред.

Член 18

Службениците затечени во звањата помлад геометар и геометар што имаат потполна геодетска средна техничка школа (геодетски отсек на средна техничка школа), се преводат во звањето геометар и се распоредуваат од XVI до XII платен разред.

Службениците затечени во звањата виши геометар II и I класа што имаат потполна средна школа (геодетски отсек на средна техничка школа) се преводат во звањето геометар и се распоредуваат од XI до IX платен разред.

Службениците од претходниот став што имаат до 12 години служба се преводат во XI платен разред, преку 12 до 15 години во X, а преку 15 години во IX платен разред.

Службениците затечени во звањата од претходните ставови што немаат потполна геодетска средна техничка школа (геодетски отсек на средна техничка школа), а имаат најмалку 10 години ефективна служба и положен стручен испит за звањето во кое се затечени се преводат во звањето геометар и се распоредуваат од XVI до XII платен разред со тоа што за почетен платен разред им се сметаат шест години.

Службениците од претходниов став што не го положиле стручниот испит за звањето во кое се затечени или пак немаат 10 години ефективна служба се преводат во звањето геодетски помошник и се распоредуваат од XIX до XIII платен разред.

Член 19

Службениците затечени во звањето виши геометар II и I класа што ги исполнуваат условите од чл. 12 од овој правилник можат да бидат распоредени и во VIII платен разред. Решение за преведење во вакви случаи донесува комисијата на владата по согласен предлог од старешината надлежен за назначување и од персоналната комисија.

Член 20

Службениците затечени во звањето геометар што завршиле двогодишен геодетски отсек, односно двогодишен геодетски курс со завршен испит на курсот на техничкиот факултет, ќе преводат во звањето геометар и се распоредуваат од XVI до X платен разред.

Службениците затечени во звањето виши геометар II и I класа, геодетски инженер и виши геодетски инженер што завршиле двогодишен геодетски отсек, односно двогодишен геодетски курс со завршен испит на курсот, на техничкиот факултет, се преводат во звањето геометар и се распоредуваат од XI до VIII платен разред.

Службениците од претходниот став што имаат до 12 години служба се распоредуваат во XI платен разред, преку 12 до 15 години во X, преку 15 до 18 години во IX и преку 18 во VIII платен разред.

Член 21

Службениците затечени во звањата помлад геодетски инженер, геодетски инженер и виши геодетски инженер се преводат во звањето геодетски инженер и се распоредуваат во платни разреди сообразно на чл. 57 и 58 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи.

Член 22

Приправниците за звањето помлад геометар што завршиле геодетска средна техничка школа (геодетски отсек на средна техничка школа) се преводат како приправници во звањето геометар и се распоредуваат во XVI платен разред.

Приправниците за звањето помлад геодетски инженер со завршен геодетски отсек на техничка голема школа се преводат како приправници во звањето геодетски инженер и се распоредуваат во XIV платен разред.

## VI. Завршни одредби

Член 23

Во се' друго за службениците од геодетска струка важат одредбите од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи.

Член 24

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 867
29 март 1952 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Генерален секретар на Владата на ФНРЈ,
**Љубодраг Ѓуриќ, с. р.**

Согласен,
Претседател на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ,
**Едвард Кардељ, с. р.**

**174.**

Во врска со Наредбата за штедењето и ограничувањето на употребата на обоените метали и нивните легури („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/51) и врз основа на чл. 11 од Уредбата за присобирањето и прометот на отпадоците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/51), издавам

## НАРЕДБА
## ЗА ПРИСОБИРАЊЕ, РАСПОДЕЛБА И УПОТРЕБА НА ОТПАДОЦИТЕ ОД ОБОЕНИТЕ МЕТАЛИ

1) Со цел да се штедат обоените метали советите за индустрија на народните републики ќе вршат надзор над употребата на отпадоците од обоените метали.

Во отпадоци од обоените метали спаѓаат сите отпадоци од материјал од кој можат со преработка да се издвојат обоени метали. Тука спаѓаат и згури, пепел и слично.

2) Купување отпадоци од обоени метали можат да вршат сите претпријатија што произвoдат или преработуваат обоени метали или нивни отпадоци, како и претпријатијата овластени за промет со отпадоци.

3) Цените на отпадоците од обоените метали се формираат слободно сразмерно на економските цени на соодветните метали.

4) Отпадоците, кои можат да се преработаат во земјата, не можат да се извозат.

Дозволи за извоз отпадоци, кои не можат да се преработат во земјава, даваат советите за индустрија на народните републики, а Министерството на народната одбрана за своите претпријатија.

5) Прописи за контрола и за поднесување извештаи за присобраните и преработените отпадоци на обоените метали ќе донесуваат советите за индустрија на народните републики и Министерството на народната одбрана за своите претпријатија.

6) Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", од кој ден престанува да важи Наредбата за присобирање, расподелба и употреба на отпадоците од обоените метали, објавена во „Службениот лист на ФНРЈ", бр. 41 од 12 септември 1951 година.

Бр. 2915
15 март 1952 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Заменик на Претседателот на Советот
за индустрија и градежништво,
**Љубчо Арсов,** с. р.

---

**175.**

Врз основа на чл. 48 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52), Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, пропишува

## НАПАТСТВИЕ

### ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ ОДРЕДБИТЕ ОД СТ. 6 И 8 НА ЧЛ. 48 ОД ОСНОВНАТА УРЕДБА ЗА ЗВАЊАТА И ПЛАТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

I

Спрема одредбата од ст. 6 на чл. 48 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи, времето проведено во Народноослободителната војска и на активна и организирана работа во Народноослободителната борба се смета двојно во годините на службата за напредувањето.

Под организирана работа во Народноослободителната борба, во смисла на оваа уредба, се смета:

а) работа во народноослободителните одбори и во установите што работеле за Народноослободителната војска;

б) работа во одделни политички организации на Народноослободителното движење на ослободената територија (Комунистичка партија, Народноослободителен фронт, Антифашистички фронт на жените, УСАОЈ);

в) револуционерна политичка работа во организациите на Народноослободителното движење на неослободената територија.

За признавање на времето проведено на работа во организациите споменати во претходниот став е потребно да работил активно службеникот постојано во тие организации, а не само да бил нивни член или да бил со тие организации сврзан за време на Народноослободителната борба.

Под активна организирана работа на ослободената територија треба да се разбере работата на активистите што биле наполно посветени на тоа и кои затоа не можеле да вршат други работи.

Под активна организирана работа на неослободената територија се подразбира работата на членовите на споменатите организации што ја посветувале сета своја активност на револуционерната работа за народноослободителното движење.

II

Според одредбата од ст. 8 на чл. 48 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи, при преведењето на службениците на нови звања и плати, комисиите за преведење треба да одлучат дали и кое време на приватната професија ке се призна како време на ефективна служба за напредувањето.

По оваа одредба може да се призна само времето проведено во вршењето на професиите што имаат општествено значење, како што се: лекари, ветеринари, апотекари, забари, заботехничари, бабици, инженери, геометри, адвокати, јавни бележници, уметници, новинари или публицисти. По исклучок, комисијата за преведење може во оправдани случаи да го признa и времето проведено во вршењето на други професии.

Времето проведено во вршењето на приватни професии може да се признa само ако службениците ги вршеле стварно работите на тие занимања и ако им било тоа едино занимање.

Признавањето на времето за напредување по претходниот став доаѓа во обзир само за оние службеници што ги вршат работите на споменатите занимања или работи од слична природа и сега во службата.

Бр. 868
29 март 1952 година
Белград

Претседател
на Советот за законодавство и изградба
на народната власт на Владата на ФНРЈ,
**Едвард Кардељ,** с. р.

---

**176.**

Врз основа на чл. 3 од Уредбата за основањето и дејноста на трговските претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/52) донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ТРГОВСКА ДЕЈНОСТ НА ГОЛЕМО И НА МАЛО

I.

1. Трговските претпријатија на големо (државни и на општествените организации) без обзир на трговската струка, можат да вршат, врз основа на посебно одобрение, и трговска дејност на мало.

Одобрението за вршење трговска дејност на мало од претходниот став го издава, по образложен предлог од трговското претпријатие на големо, советот за промет со стоки на владата на народната република на чија територија се наоѓа седиштето на претпријатието. Пред да го оцени и реши овој предлог советот за промет со стоки на владата на народната република ќе прибави мнение од народниот одбор на околијата односно градот на чие подрачје се наоѓа седиштето на претпријатието.

Одобрението од претходниот став не е потребно за трговско претпријатие за промет со селско-стопански производи на околискиот сојуз на земјоделските задруги, кое ја врши трговската дејност на големо и на мало во смисла на чл. 23 од Уредбата за основањето и дејноста на трговските претпријатија.

Одобрението за вршење трговска дејност на мало од првиот став не може да се издаде на трговско претпријатие на околискиот сојуз на земјоделските задруги кое врши промет на индустриски стоки.

решение ќе се применат стопанско-управни мерки и казнените мерки пропишани со Уредбата за оснивањето и дејноста на трговските претпријатија.

12. Ова решение ќе се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 3894
24 март 1952 година
Белград

Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

**177.**

Врз основа на чл. 62 ст. 1 од Уредбата за оснивањето и дејноста на трговските претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/52), а во согласност со Претседателот на Советот за индустрија и градежништво на Владата на ФНРЈ, донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕТО И ДЕЈНОСТА НА ТЕХНИЧКИТЕ ДУЌАНИ

1) Техничките дуќани се трговски претпријатија за вршење работи на купување и продавање стока од следните трговски струки:

трговија со техничка железарска и метална стока,
трговија со бои и хемикалии,
трговија со ватростални материјали,
трговија со технички горива и мазива,
трговија со резервни делови, утензилии и прибор,
трговија со електротехнички материјали, и
трговија со градежни материјали.

Трговските обичаи определуваат која стока опфаќа одделна трговска струка од претходниот став. Во случај на сомнение Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ утврдува во која струка спаѓа определената стока.

2) За оснивање на техничките дуќани важат во сето прописите за оснивањето на државните трговски претпријатија (чл. 13 од Уредбата за оснивањето и дејноста на трговските претпријатија), со тоа што за оснивањето на овие дуќани е потребна претходна согласност од советот за индустрија на владата на народната република.

Задружните и општествените организации не можат да оснивааат технички дуќани.

3) Техничките дуќани можат да отвораат свои продавници на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија.

Одредбите од Уредбата за оснивањето и дејноста на трговските претпријатија (чл. 14 и 16) ќе се применуваат и на отварањето на продавници на техничките дуќани.

4) Предмет на работењето на техничкиот дуќан може да биде една или повеќе трговски струки од точ. 1 на ова решение.

5) Техничките дуќани можат да вршат и трговска дејност на големо. За вршењето на оваа дејност не е потребно никакво одделно одобрение.

Техничките дуќани можат, како комисионери, да продаваат стока во свое име за сметка на производните и увозните претпријатија и да купуваат стока во свое име и за сметка на потрошувачите — купувачи.

Техничките дуќани можат да примаат стока во консигнационо стовариште и да ја продаваат таа стока во име и за сметка на сопственикот на стоката.

Техничките дуќани можат да вршат работи на увоз на стока ако добијат за тоа пропишано овластение и се регистрираат по важеќите прописи.

6) Во техничките дуќани можат да купуваат стока сите потрошувачи, без обзир на намената на потрошувачката.

Ако за купување одделни производи се пропишани посебни услови, правото на купување на тие производи го имаат само потрошувачите што се овластени, според важеќите прописи, за купување на односните производи.

7) Техничките дуќани и нивните продавници можат да оснивааат услужни занаетчиски работилници од онаа струка која и' одговара на трговската струка на техничкиот дуќан.

Оснивањето на услужните занаетчиски работилници се врши по прописите од Општиот закон за занаетството (чл. 31).

8) Сите постоеќи технички дуќани (индустриски сервиси, продавни сервиси и сл. должни се да ја сообразаат својата организација и работењето кон прописите од ова решение до 30 април 1952 година.

Против техничкиот дуќан кој не ќе постапи по одредбата од претходниот став ќе се постапи по одредбите од главите VII и IX од Уредбата за оснивањето и дејноста на трговските претпријатија.

9. Ова решение ќе се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 3991
25 март 1952 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

Согласен,
Министер на Владата на ФНРЈ
Заменик на Претседателот на Советот
за индустрија и градежништво,
**Љубчо Арсов**, с. р.

**178.**

Врз основа на чл. 2 и 11 од Уредбата за Народниот заем на Петгодишниот план на развитокот на народното стопанство на ФНРЈ и чл. 5 и 8 од Правилникот за извршување на Уредбата за народниот заем на Петгодишниот план на развитокот на народното стопанство на ФНРЈ, донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПЛАНОТ НА СЕДМОТО ИЗВЛЕКУВАЊЕ ОБВЕЗНИЦИ ОД ПРВИОТ НАРОДЕН ЗАЕМ

1) Обвезници од Првиот народен заем се пуштени во оптицај во вкупна вредност од 3.745,700.000 динари од кој износ досега се амортизирани 1.495,700.000 динари.

2) Седмото извлекување на Првиот народен заем ќе се изврши на 15 април 1952 година во Белград.

3) Ќе се амортизираат обвезници во износ од 1.125,000.000 динари.

4) Ќе се извлечат 137.443 згодитоци кои се распоредуваат спрема следниот план:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 згодитоци | од Дин. | 100.000 | Дин. | 300.000 |
| 12 згодитоци | „ „ | 50.000 | „ | 600.000 |
| 553 згодитоци | „ „ | 10.000 | „ | 5,530.000 |
| 1.875 згодитоци | „ „ | 5.000 | „ | 9,375.000 |
| 135.000 згодитоци | „ „ | 2.000 | „ | 270,000.00 |
| 137.443 згодитоци | | | Дин. | 285,805.000 |

5) Обврзниците извлечени со згодитоците ќе се исплатуваат почнувајќи од 1 мај 1952 година, а обврзниците што се извлечени само за амортизација почнувајќи од 1 јануари 1953 година.

Бр. 6246
22 март 1952 година
Белград

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Милентије Поповиќ,** с. р.

---

179.

Врз основа на чл. 5 од Законот за поштенско-телеграфско-телефонската тарифа, донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПУШТАЊЕ ВО ТЕЧАЈ РЕДОВНА ПОШТЕНСКА ПОРТО МАРКА ОД 1 ДИНАР

За дополнување серијата на второто издание на редовните поштенски порто марки со мотив на петокрака звезда и факели, која се пушта во течај со Решението бр. 15199 од 3 ноември 1951 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/51), ќе се пушти во течај уште една марка од 1 динар — костенова боја.

Бр. 3603
11 март 1952 година
Белград

Директор
на Главната дирекција на поштите,
**Никола Милановиќ,** с. р.

---

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

### СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 5 од 25 февруари 1952 година објавува:

**Указ** за укинување Главната дирекција за електростопанство;

**Указ** за назначување заменик на Министерот-Претседател на Советот за индустрија на Владата на НР Црна Гора;

**Указ** за разрешување и именување директори на одделни главни дирекции и главни управи во советите на Владата на НР Црна Гора;

**Указ** за помилување на осудените лица;

**Уредба** за согласување посебните прописи за прекршоците во уредбите и во другите прописи на Владата на НР Црна Гора и нејзините органи со одредбите од Основниот закон за прекршоците;

**Напатствие** за висината, обложувањето и наплатувањето на придонесот за околиските занаетчиски комори и за занаетчиската комора на НР Црна Гора;

**Решение** за изменување на Решението за именување членови на Советот за законодавство и изградбата на народната власт на Владата на НР Црна Гора;

**Решение** за определување срокот за распишување редовни избори за работничките совети.

### НАРОДНЕ НОВИНЕ СЛУЖБЕН ЛИСТ НОРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине" службен лист на Народна Република Хрватска во бројот 10 од 13 март 1952 година објавуваат:

**Указ** за свикување Саборот на НР Хрватска.

Во бројот 11 од 20 март 1952 година немаат службен дел.

### СЛУЖБЕН ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службен лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 6 од 15 март 1952 година објавува:

**Указ** за свикување Народната скупштина на НР Босна и Херцеговина во IV редовно заседание;

**Решение** за именување членови на комијата за верски прашања при Претседателството на Владата на НР БиХ;

**Решение** за определување оквирна тарифа за превозење со санитетски автомобили;

**Решение** за одобрување основањето и работењето на „Друштвото на градежните инженери и техничари на НР БиХ."

---

## СОДРЖАЈ:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 169. | Закон за Општественниот план на Федеративна Народна Република Југославија за 1952 година — — — — — — — — — — — | 277 |
| 170. | Закон за буџетот на Федеративна Народна Република Југославија (сојузен буџет) за 1952 година — — — — — — — — — — — | 298 |
| 171. | Закон за овластување на Владата на ФНРЈ за основање општествени фондови — — — | 299 |
| 172. | Правилник за стручната спрема на персоналот запослен во трговијата — — — — — | 299 |
| 173. | Правилник за звањата и платите на службениците од геодетската струка во геодетската служба — — — — — — — — — — — | 302 |
| 174. | Наредба за присобирање, расподелба и употреба на отпадоците од обоените метали — | 304 |
| 175. | Напатствие за применување одредбите од ст. 6 и 8 на чл. 48 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи — — — — — — — — — — — | 305 |
| 176. | Решение за условите за вршење трговска дејност на големо и на мало — — — — — | 305 |
| 177. | Решение за основањето и дејноста на техничките дуќани — — — — — — — — — — | 307 |
| 178. | Решение за планот на седмото извлекување обврзници од Првиот народен заем — — — | 307 |
| 179. | Решение за пуштање во течај редовна поштенска порто марка од 1 динар — — — — | 308 |


---

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9 — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград